Бр./Nr 12-829/7
22-10-2025 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-тата седница одржана на 13.10.2025 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-829/1 од 21.02.2025 година, оформен по пријава од познат подносител, со наводи против лицето --------, в.д директор на ------- на РСМ за донесено Решение за прераспоредување на административни службеници во -------- на РСМ, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување по предметот - за предметниот случај веќе постапил / во тек е постапка пред друг надлежен орган.

Предметот со број 12-829/1 од 21.02.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, преку полномошник Адвокат ------, на ден 21.02.2025 година, поднесена е пријава со наводи против лицето --------, в.д директор на -------- на РСМ (Во понатамошниот текст: ДПИ) поради донесено Решение за прераспоредување на работно место и плата на административните службеници -------- и -------- и оформен е предмет број 12-829/1 од 21.02.2024 година.

Во пријавата се наведува дека административниот службеник -------- била вработена на работно место „-----------“ во Одделение за --------, Сектор за -------- и други работи. Од страна на в.д директорот на -------, --------- донесено било Решение за прераспоредување на работно место и плата број -----/1 од 30.12.2024 година, со кое била прераспоредена на работно место „---------“ во Одделение за -------, Сектор за --------.

Исто така, се наведува и дека административниот службеник -------- која била вработена на работно место „---------“ во Одделение за ---------, Сектор за ---------, со Решение за прераспоредување на работно место и плата број ------/1 од 30.12.2024 година, донесено од страна на истиот в.д директорот на ------, била прераспоредена на работно место „---------“ во Одделение за правни и административни работи, Сектор за --------.

Имено, се наведува дека вака донесените Решенија се незаконити од причина што на ден 27.12.2024 година во Службен Весник бил објавен Законот за изменување и дополнување на Законот за инспекциски надзор, каде во член 2 од истиот е уредено дека член 26, став 2 се брише, односно се брише делот дека инспекциските служби имаат својство на правно лице. Па оттука, имајќи предвид дека, сега оспорените Решенија биле донесени на 30.12.2024 година, кога ----- немал својство на правно лице, се доведува во прашање неговата законитост. Ова, од причина што, инспекторите повеќе не се самостојни органи, немаат посебна буџетска сметка, не можат самостојно да спроведуваат јавни набавки, па не можат ниту да одлучуваат за вработувања и за правата и обврските од работен однос на вработените, односно дека наведените решенија биле донесени од неовластено лице в.д директор, во време кога не можел да презема такви дејствија, на меморандум и со печат од ----, кој во тој период не смееле да се користат.

Понатаму, наведено е дека врз основа на наведените решенија како и решенијата за определување на ментор, на ден 06.12.2024 година, во ------ пристигнало Известување од страна на Инспекцискиот совет на РСМ за полагање на испит за административните службеници ------- и ------, при што на 23.12.2024 година истите го положиле испитот. Се посочува дека со сега спорните горенаведени решенија е предизвикана штета, односно е ускратено правото посочените вработени да се стекнат со лиценца за инспектор.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до надлежен инспекторат - Државен управен инспекторат на РСМ и беше разгледана законската регулатива, при што беше утврдено:

Од увидот во документацијата доставена од страна на Државниот управен инспекторат, утврдено е дека по извршениот инспекциски надзор во -----, инспекторатот изготвил посебни Записници бр.ИП1 бр.09-897 од 20.06.2025 и ИП1 бр.09-897 од 11.07.2025 година во кои Записници е констатирано следното:

Службените лица ------- и --------, прераспоредени на работни места на исто ниво, ги искористиле вонредните правни лекови со што против донесените решенија за прераспоредување биле поднесени предлози за враќање во поранешната состојба до Агенцијата за администрација, постапувајќи по кои, Агенцијата за администрација донела Решение број ----/7 од 25.04.2025 година со кое предлогот за враќање во поранешната состојба бил отфрлен.
По ова, наведените службени лица до Министерот за економија и труд поднеле Барање за повторување на постапката со бр. -----/1 од 21.02.2025 година, односно Барање бр. -----/1 од 21.02.2025 година, по што биле донесени Решение бр. ----/2 и Решение ----/2 од 11.03.2025 година, со кое Барањата биле одбиени како неосновани.

Незадоволни од донесените решенија од страна на Министерот за економија и труд бр.----/2 и ----/2, наведените службени лица изјавиле тужби до Управен суд на РСМ, каде постапката сеуште е во тек.

Инспекторатот констатирал и дека прераспоредувањето на наведените административни службеници било извршено на исто ниво - В01, како и дека работните места на кои службениците биле прераспоредени, се предвидени со Правилниците за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во --- бр.-----/2 од 05.12.2023 и бр.------/2 од 27.05.2024 година.
Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување по предметот – за предметниот случај веќе постапил друг надлежен орган Државниот управен инспекторат, кој што не утврдил неправилности во постапката при прераспоредување на административни службеници во ----, исто така по предметните наводи во тек е постапка пред Управен суд на РСМ.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: м-р Ф.О, советник
Контролирал: м-р К.З., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц, член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut